**Известување за концентрација со која Arena Channels Group ДОО Брлград, Србија ќе стекне контрола над Arena sport ДОО Љубљана Словенија (предмет бр. 08-131/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Arena Channels Group ДОО Брлград,со седиште на ул. Владимир Поповиќ бр.6 Белград-Нов Белград, Република Србија ќе стекне контрола над Arena sport ДОО Љубљана, со седиште на ул. Шландрова улицабр.4Б, Љубљана-Чрнуче, Република Словенија по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Arena Channels Group ДОО Брлград** е емитер на спортски ТВ канали на своите специјализирани спортски ТВ канали (Арена Спорт), како и на ТВ канали со филмска и сериска содржина.

Поврзано лице на подносителот на известување во Република Северна Македонија е Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Максим горки 11/1-3 Скопје, регистрирано за дејност на жичани телекомуникации односно за двање на следните услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

**Arena sport ДОО Љубљана** врши продукција и емитување на тематска спортска телевизиска програма.

Подносителот на известувањето смета дека за целите на оценка на концентрацијата, како релевантен пазар може да се дефинира пазарот на продукција и емитување на на спортски тТВ канали.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.09.2023 година
Скопје